Education and Culture DG

Програма „Млади во Акција„



# Патеки за Меѓународна Соработка во **областа на младите**

SALTO-YOUTH
SOUTH EAST EUROPE
RESOURCE CENTRE

SALTO-YOUTH
EUROMED
RESOURCE CENTRE

SALTO-YOUTH
EASTERN EUROPE AND CAUCASUS
RESOURCE CENTRE

Youth

# Истражување на глобалните патишта

Во денешниот глобализиран свет, зголемената меѓународна соработка е основа за соочување со општите предизвици. Како активен глобален чинител, ЕУ му придава огромна важност на воспоставувањето добри односи со земјите кои не се членки на Унијата, во сите полиња кои промовираат мир, стабилност, безбедност, човекови права, демократија и владеење на правото надвор од нејзините граници.

Од оваа глобална перспектива, младите луѓе имаат клучна улога во креирањето на иднината на ЕУ и нејзините односи со соседите и со останатиот свет. Програмата Млади во Акција е дизајнирана да го стимулира нивното чувство за активно граѓанско општество и учество во демократскиот живот, како и нивниот дух за солидарност и разбирање.

Покривајќи го периодот од **2007 – 2013 година, Програмата нуди можности за мобилност и неформално учење** преку поддршка на голема низа од активности, како што се младински размени, меѓународен волонтерски сервис, како и обука и вмрежување на младинските работници (сите оние кои работат со младите во неформалното образование) и младинските организации.

Развиена после огромни консултации со најразлични чинители во полето на младите, оваа Програма сака да биде одговор на еволуцијата на младинскиот сектор на Европско ниво ... но за да биде навистина присопособена на денешната реалност на младите луѓе, таа не може да се ограничи само на границите на ЕУ!

**„Младите во Светот„ е акција која поттикнува поголема отвореност кон светот,** давајќи и така зголемена меѓународна димензија на Програмата. Оваа акција цели да ја промовира соработката помеѓу младите луѓе и младинските организации надвор од границите на Европската Унија, како средство за зајакнување на меѓукултурниот дијалог, заедничката толеранција и соработка, да ги скрши предрасудите и стереотипите, како и да изгради општества врз основа на заедничкото разбирање и почитување. Оваа акција поддржува проекти во соработка со Земјите Партнери со посебен акцент на своите соседни региони: Источна Европа и Кавказ, Медитеранот и Југоисточна Европа.

**Три регионални SALTO Ресурсни Центри се основани од Комисијата со цел да се промовира Програмата** и да им помогне на промоторите на проекти да најдат партнери и да развијат квалитетни активности во погоре спомнатите области. Оваа брошура е подготвена по нивна иницијатива со цел да им обезбеди на сите заинтересирани јасен преглед на можностите за меѓународна соработка што ги нуди Програмата Млади во Акција. Дозволете и да Ве понесе низ ова патување, искористете ја приликата да ги истражите разните можности и предизвици што таа ги нуди, уживајте во живите сведоштва на претходните организатори и корисници на проекти и инспирирајте се!

**Паскал Лежен**
Директор на Оддел
Европска Комисија
Генерален Директорат
за Образование и Култура
Оддел Млади: Програми



Youth



# Процесот на Стабилизација и Пристапување на Југоисточна Европа

**„Иднината на Западен Балкан е во рамките на Европската Унија. (...) Подготовката за интеграција во Европските структури и крајно членство во Европската Унија, преку усвојување на Европските стандарди е голем предизвик кој ни претстои сега„. *Самит ЕУ – Западен Балкан Декларација од Солун, Јуни 2003***

Процесот на Стабилизација и Асоцијација (ПСА) е политичката рамка на ЕУ кон земјите од Западен Балкан: Албанија, Босна и Херцеговина, поранешната Југословенска Република Македонија, Црна Гора и Србија вклучително и Косово (како што е дефинирано во Резолуцијата 1244 на Советот за Безбедност на ОН). Хрватска, која ги започна преговорите за пристапување во Октомври 2005, останува дел од процесот. ПСА ќе остане политика на ЕУ за Западен Балкан се до нивното членство. Тој е клучен стратешки и политички елемент во долгорочната заложба на ЕУ, експлицитно поврзан со идејата за пристапување кон ЕУ, но и приспособен на нивото на развој на секоја од земјите во регионот, дозволувајќи им да се движат со својот ритам, истовремено поддржувајќи ја во голема мера регионалната соработка. Тој е прогресивно партнерство, во кое ЕУ нуди мешавина на повластици во трговијата, економска и финансиска помош и договорни врски – преку Договорите за Стабилизација и Асоцијација

Уште од проширувањето на Европската Унија (ЕУ) во 2004, врските со соседните региони беа нејзин главен надворешен приоритет. Заедно со Процесот за Стабилизација и Асоцијација, Европската Политика кон Соседството е одговор на ЕУ кон предизвиците и можностите создадени со променетиот политички контекст. Спротивно на Процесот за Стабилизација и Асоцијација, чија крајна цел е да го подготви Западен Балкан за членство во ЕУ, Европската Политика кон Соседството одржува растојание од процесот на проширување.

Преку Европската Политика кон Соседството, ЕУ им нуди на источните и јужните соседи привилегирани врски, градејќи на обостраниот придонес кон заедничките вредности и избегнувајќи создавање на нови линии на разделување. Врз основа на овие заеднички вредности, соседните региони се поканети да ја надминат постоечката соработка и да ги продлабочат економските, политичките и безбедносните врски за зајакнување на стабилноста, безбедноста и благосостојбата на сите засегнати. Димензијата на меѓународна соработка на програмата Млади во Акција придонесува за постигнување на целите на Европската Политика кон Соседството во областа на „ луѓе кон луѓе размени „. Програмата поддржува проекти кои поттикнуваат мобилност, размена, дијалог и соработка помеѓу младите луѓе, младинските работници (сите оние кои работат со младите во неформалното образование) и организации во и надвор од Европа. Програмата ги поттикнува младите да развијат разбирање за Европската културна различност и нејзините основни вредности. Таа исто така придонесува кон зајакнувањето на граѓанското општество во овие земји, со поддржување на младинската соработка, промовирање на препознавањето и вредноста на неформалното образование, како и овозможувајќи им на младите и младинските организации да се стекнат со способности и знаења кои им се потребни за да се вклучат во нивните општества како активни чинители.

**Европската Политика кон Соседството**

**„Основниот принцип на Европската Политика кон Соседството е многу едноставен - ние сакаме да го прошириме просперитетот, стабилноста и безбедноста која ја уживаат членовите на ЕУ и на нивните соседи... Ние имаме исти практични интереси, идеали и желби, а соочени сме со исти предизвици, како што се безбедноста, животната околина, вработувањето и миграцијата.**

**Ние сакаме врска која подобро го отсликува ова„.**

**Бенита Фереро-Валднер,** *Европски Комесар за Надворешни Врски и Европска Политика кон Соседството*

### Процес на Стабилизација и Асоцијација

**Вклучени земји:** Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Поранешна Југословенска Република Македонија, Црна Гора и Србија вклучувајќи го Косово според Резолуцијата 1244 на Советот за Безбедност на Обединетите Нации.

**Карајна цел:** Подготовка за членство во ЕУ.

**Основачки акт:** Европски Совет во Феира во Јуни 2000, потврден на Европскиот Совет во Солун во Јуни 2003.

### Европска Политика за Соседството

**Вклучени земји:** Алжир, Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Египет, Грузија, Израел, Јордан, Либан, Либија, Молдавија, Мароко, Палестинската Автономија, Сирија, Тунис и Украина[1].

**Крајна цел:** Создавање на привилегирани врски помеѓу ЕУ и соодветните земји, градејќи на обостраниот придонес кон заедничките вредности.

**Основачки акт:** Комуникација на Комисијата за Проширена Европа во Март 2003, следена од поразвиениот Стратешки Документ за Европска Политика кон Соседството, публикуван во Мај 2004.

[1] Иако Русија е исто така сосед на ЕУ, односите со Русија се развиваат преку Стратешко Партнерство покривајќи четири „заеднички простори„.



# Млади во Акција на дланка

**Времетраење:** 2007 - 2013

**Буџет:** 885 милиони евра за седум години

**Целна група:** на возраст од 15 до 28 години (во некои случаи од 13 до 30), младински работници (сите оние кои работат со младите во формалното образование) и младински организации

**Географска покриеност:**



- Програмски земји: 27 земји членки на ЕУ, Исланд, Лихтенштајн, Норвешка и Турција.

- Земји партнери:

**Источна Европа и Кавказ:** Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија, Руската Федерација и Украина.
**Медитерански земји партнери:** Алжир, Египет, Израел, Јордан, Либан, Мароко, Палестинската Автономија на Западниот брег и појасот Газа, Сирија, Тунис.
**Југоисточна Европа:** Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Бивша Југословенска Република Македонија (БЈРМ), Црна Гора, Србија.
**Други земји партнери** во светот кои имаат потпишано договор со ЕУ релевантен во областа на младите.

## 5 Цели:

- промовирање на активното граѓанство на младите
- развивање на солидарност и толеранција
- поттикнување на взаемното разбирање
- развивање на квалитетни системи за поддршка на младинските активности и младинските организации.
- поттикнување на Европската соработка на полето на младите

## 5 Акции:

- **Акција 1** – Младите за Европа (поддржува младински размени, младински иницијативи и младински проекти за демократија)
- **Акција 2** – Европски Волонтерски Сервис (поттикнува волонтерски активности во странство во корист на локалните заедници )
- **Акција 3** – Младите во Светот (размени, обука, вмрежување и соработка со соседните земји и други партнерски земји од светот)
- **Акција 4** – Системи за Поддршка на Младите (промовира развој на размени, обука, вмрежување и информативни шеми)
- **Акција 5** – Европска Соработка на полето на младите (поддржува развој на политиката на младинска соработка на Европско ниво)

Youth



# Можности за соработка со Земјите Партнери во ЕУ

Акцијата 3 се фокусира на соработка со Земјите Партнери, израз кој ги идентификува сите земји кои можат да се вклучат во Програмата Млади во Акција, а не се дефинирани како Програмски Земји. Акцијата 3.1 е за соработка со Земјите Партнери кои се третираат како соседни земји. Ова ги вклучува земјите во соседството на ЕУ ( Југоисточна Европа, Источна Европа и Кавказ и Евро-Мед земјите) Акцијата 3.2 отвора можности за соработка со други земји од светот. Акцијата поддржува размени, како и проекти за обука и вмрежување во полето на младите. Покрај фокусирање на промоција на соработката помеѓу земјите од ЕУ и некој од соседните региони во рамките на еден проект, таа исто така дава можности за соработка помеѓу различни соседни региони.

# Можности за организаторите на проекти од Југоисточна Европа да поднесат апликации до Европската Комисија

Можноста за организациите од Земјите Партнери од Југоисточна Европа да аплицираат директно за грантови за проекти до Европската Комисија продолжува и под Програмата Млади во Акција. Една организација ја поднесува апликацијата во корист на сите партнери вклучени во проектот, со што партнерите од ЈИЕ ќе можат да иницираат, координираат и управуваат Европски проекти. За сите проекти селектирани на Европско ниво, постојат три рокови за аплицирање годишно:

| **Проекти кои започнуваат помеѓу** | Краен рок за аплицирање |
|---|---|
| 1 август и 31 декември | 1 февруари |
| 1 декември и 30 април | 1 јуни |
| 1 март и 31 јули | 1 септември |

За проекти селектирани на национално ниво, постојат пет рокови за аплицирање годишно:

| **Проекти кои започнуваат помеѓу** | Краен рок за аплицирање |
|---|---|
| 1 мај и 30 септември | 1 февруари |
| 1 јули и 30 ноември | 1 април |
| 1 септември и 31 јануари | 1 јуни |
| 1 декември и 30 април | 1 септември |
| 1 февруари и 31 јули | 1 ноември |

Организациите од Земјите Партнери можат да бидат партнери во проекти поднесени во било кој од петте крајни рокови; меѓутоа, тие не можат да поднесат апликации до Националните Агенции.

**Европски Волонтерски Сервис ( ЕВС )**

ЕВС е отворен за младите луѓе од Земјите Партнери исто како што е за Програмските Земји. ЕВС активностите можат да траат во период од 2 до 12 месеци. Сите организации од Програмските Земји и од Југоисточна Европа кои сакаат да учествуваат во ЕВС треба да се акредитирани пред да поднесат апликација.

**Признавање на главните научени способности**

Со цел да се промовираат и оценат главните научени способности стекнати преку учество во проекти имплементирани во рамки на Програмата Млади во Акција, се воведува нов инструмент, тн. “Youthpass”. Учесниците во Програмата Млади во Акција имаат право да добијат “Youthpass” како признание за искуството во неформалното учење со кое се стекнале преку учество во проект во Млади во Акција. “Youthpass” го издава организаторот на проектот. Повеќе информации се достапни на *http://www.youthpass.eu/*



# Младински Размени

**Младинските Размени обезбедуваат единствени можности за фокусирање на различни теми креирајќи атмосфера на разбирање и почитување на различните култури.**

Проект на младинска размена спојува групи на млади луѓе од две или повеќе земји, овозможувајќи им да се посетат меѓусебно и да работат на теми од заеднички интерес. Вклучувањето на млади луѓе со недоволни можности се поттикнува како повеќекратен приоритет на Програмата Млади во Акција.




**На кого се однесува?**
Проектите можат да траат од 6 до 21 дена и да вклучат од 16 до 60 учесници. Како општо правило, сите млади од 13 до 25 години кои се жители на некоја од земјите учеснички имаат право да се вклучат, без оглед на нивното образование и претходно искуство. Во некои случаи, можни се исклучоци кои дозволуваат да се вклучат и млади од 26 до 30 години.

Проектите може да се базирани на широк дијапазон на теми. Тие треба да го отсликаат интересот на вклучените младинци и да се во согласност со основните начела на Програмата Млади во Акција. Сите проекти треба да им понудат можности за неформално учење на младите, кои се добро планирани и вклопени во секојдневната програма. Сите елементи на проектот треба да се вклопат во општата тема, а проектите треба да имаат долготраен ефект, не само на младите учесници, туку и на целокупните заедници кои се домаќини или гости.

**Партнерска група може да биде непрофитна организација, локална или регионална јавна институција или неформална група на млади луѓе.**
Водачите на групите се одговорни за подготовката и имплементацијата на проектите. Ова е многу важно, иако младите се вклучени во сите фази од проектот, од планирањето до имплементацијата и продолжувањето. Треба да има еднаков број на младинци во секоја група. Бројот на Програмски и Партнерски Земји исто така треба да е еднаков. Секоја размена мора да вклучи барем една земја членка на ЕУ, но може да се одвива во било која од земјите учеснички, освен во Медитеранските земји.

**Теми:**
Општество, културно разбирање, прифаќање на малцинствата, меѓуетнички и меѓурелигиозен дијалог, решавање на конфликти и пост-конфликтна реконструкција, заштита на природата и културното наследство и тн...

**Возбудливи можности за интеркултурно искуство**
Проектите на младински размени се извонреден начин за развој на младинската работа во локалните заедници. Тие имаат интеркултурна димензија и обезбедуваат возбудливи можности за младите. Размените можат посебно да ги мотивираат младите кои се чувствуваат исклучени од општеството. Средбата со нивни врсници од други земји ги проширува нивните хоризонти и им овозможува да ги видат работите од друга перспектива. Веќе постојат многу примери на успешни проекти кои имале значајно влијание на личниот напредок на нивните млади учесници. Една млада личност, посебно ако е со проблематично минато, може да пронајде нова причина за живеење и да открие нови начини да се вклучи во општествениот живот.

Youth



# Примери на Младински Размени

Една младинска размена собра заедно 60 глуви и наглуви млади од Босна и Херцеговина, Хрватска, Италија, Португалија, Србија, Црна Гора и Словенија за период од десет дена. Размената се одржа во Котор, историско градче на брегот на Црна Гора. Основна цел на размената, која ја постигнаа учесниците, беше заедничка подготовка на театарска претстава.
«Беше прекрасно да се види колку поврзани бевме во текот на овие денови, поединци беа толку различни, а сепак глумевме како еден, како да се знаеме со години. Сите се согласивме дека треба да го негуваме нашето познанство. Се родија идеи за идни средби ... Се стекнавме со многу искуства, позитивни мисли и пред се со тоа дека поминавме заедно една убава недела и дека направивме нешто добро, нешто што ќе живее во сите нас». (Учесник од Словенија)

Организација од Грузија и една Британска група иницираа мултикултурна младинска размена наречена „Европа ја среќава земјата Медеја – Младинска размена против стереотипи и ксенофобија за промоција на меѓукултурното разбирање„ во Кобулети, Грузија. Проектот имаше за цел да промовира меѓукултурно разбирање и вклучи шест групи на млади луѓе од Украина, Грузија, Русија, Велика Британија, Естонија и Германија. Секоја група се состоеше од четири учесници и еден водач на групата. Врз база на легендата за Медеја од Грчката митологија, учесниците дискутираа за причините и последиците од ксенофобијата и стереотипите спрема странските нации. Во таканареченото „културно откривање„ организирано од младинците, тие им ги покажаа на останатите учесници своите национални навики, обичаи и традиции, со цел да се подигне свеста и продлабочи разбирањето за културните разлики.
“Централен елемент на оваа размена беше да се поттикнат учесниците да се организираат самите меѓусебно. Тоа придонесе кон нивната одговорност и нивната способност да се справуваат со проблеми независно, но и ги поттикна да го искажуваат своето сопствено мислење и да ги почитуваат и прифаќаат мислењата на другите. Размената го помогна и развојот на младите луѓе, промовираше толеранција и ги намали предрасудите”. (Учесник од Грузија)

Младински работник од Северозападна Германија организираше младинска размена за 16 млади од различни Евро-Медитерански земји под наслов „Соочи се со историјата - разбери ја сегашноста - подобри ја иднината„. Основна цел беше да се соберат заедно млади од различни земји, но и од трите различни религии - Исламот, Јудаизмот и Христијанството. Учесниците од Египет, Израел, Палестина и Шпанија поминаа заедно 14 дена дискутирајќи за расизмот, ксенофобијата и меѓукултурното учење, како и учејќи како да се подобри меѓусебното почитување преку меѓукултурни размени. Нивните напори беа наградени со «ЕвроМед младинската награда» во Каиро.
«После оваа средба јас никогаш нема да ги гледам Палестинците како порано.» (Израелски младинец во присуство на градоначалникот на Хам за време на официјалниот прием во општината на Хам)



«Првпат во мојот живот јас имам надеж дека мирот може да се случи еден ден.» (Палестински младинец во крајната евалуација)



# Европски Волонтерски Сервис (ЕВС)

**Да се открие друга култура и да се стекнат нови способности!**

ЕВС проектите им овозможуваат на младите луѓе прилика да живеат и работат како волонтери во други земји за период до 12 месеци. Од волонтерските активности има корист заедницата домаќин, но секако постои и јасно дефинирана образовна корист за волонтерот.

**Волонтерите често работат со одредени групи, како на пример деца, тинејџери, хендикепирани, имигранти, пензионери, бездомници и други малцински групи.**

### На кого се однесува?

ЕВС е достапен за сите млади на возраст од 18 до 30 години од Програмските или Партнерските земји, независно од нивното образование и претходно искуство. Во некои посебни случаи, и млади од 16 до 17 години може да учествуваат. Учеството е бесплатно за волонтерите, а тие исто така добиваат и исхрана и сместување, осигурување и џепарлак за време на траењето на проектот. Вклучувањето на млади луѓе со недоволни можности е посебно добредојдено како еден од основните приоритети на Програмата Млади во Акција.

### Лично збогатување на искуството

Една млада личност може да добие многу од волонтерскиот ангажман во друга земја. Живеејќи и работејќи во различни средини волонтерите откриваат многу за себе додека се навикнуваат на различните култури и се стекнуваат со нови способности. Волонтерските проекти се исто така важни и за заедницата домаќин. Волонтерите не смеат да заменуваат платен персонал, но од нивниот придонес треба да имаат корист организациите и луѓето кои се вклучени. Волонтерот од друга земја исто така му дава меѓукултурна димензија на проектот, што води кон нови развојни можности во локалната заедница.

### Еден ЕВС проект може да вклучи од еден до 100 волонтери

Поединечните ЕВС активности вклучуваат еден волонтер, една организација испраќач и една организација домаќин, додека пак групните ЕВС активности можат да вклучат до 100 волонтери, повеќе организации и да бидат организирани на локално, регионално, национално и меѓународно ниво. Една од вклучените организации го координира проектот и ја поднесува апликацијата во корист на партнерството. Апликациите можат да се поднесуваат до Националните Агенции во Програмските земји, или до Извршната Агенција за Образование, Аудиовизија и Култура.

ЕВС проектите мораат да вклучат барем една земја членка на ЕУ, а бројот на волонтери или партнерски организации од соседните земји Партнери не може да го надмине бројот на волонтери и партнерски организации од Програмските земји.

База на податоци со сите акредитирани организации е достапна на интернет и им дава на потенцијалните волонтери претстава во каков ЕВС можат да се вклучат. Организациите домаќини се контактираат со помош на организација испраќач. Организациите водат сметка за сите технички аспекти и ги подготвуваат потребните документи за волонтерот.



# Примери на ЕВС проекти



Млада жена од Франција волонтираше во Бившата Југословенска Република Македонија. Таа работеше на проект кој им помагаше на бегалците од регионот Преспа во југозападна Македонија. Педесет и две фамилии на бегалци живеат во хостел на Преспанското Езеро. Тие се етнички Македонци од Албанија, кои морале да ја напуштат земјата на почетокот на деведесетите години од минатиот век поради политички и економски проблеми. Повеќето од нив престојуваат во Преспа повеќе од 10 години, но нивните услови за живеење се сеуште многу тешки и воопшто не се подобрени за време на нивниот престој таму. Иако тие конечно добија Македонско државјанство во 2004 година, сеуште не можат да започнат нов живот како Македонски граѓани. Волонтерот работеше со група од локални и меѓународни волонтери на подигање на свеста во Скопје и Македонија, посебно помеѓу младите луѓе, за тешките услови на живеење на луѓето од оваа заедница. Волонтерите работеа со претставниците на локалната власт во Скопје и Ресен, како и со бизнис секторот во Македонија, со цел да се обезбедат облека, храна и други потребни продукти, но исто така и поминуваа време со бегалците и си играа со нивните деца. Волонтерот го посочи личниот контакт со бегалците како најсилен аспект во овој проект.
«Додека им доставувавме облека ние бевме во можност да имаме подолги разговори со некои од луѓето кои живееја таму и да им поставиме прашања за нивното потекло, нивната положба овде во Македонија, како и за нивните чувства и надежи за иднината. Овој дел од активностите без двоумење беше најинтересен, бидејќи ни овозможи да ја разбереме нивната положба многу појасно и да воспоставиме вистински односи со нив. Тоа секако беже важен момент и за нив, затоа што еден човек кој го интервјуирав ми објасни дека всушност ретко кој се заинтересирал да ги праша и да ја слушне нивната приказна за животот таму, иако тие имаат многу што да кажат».

Млад хендикепиран волонтер- припадник на малцинство во Ерменија отиде во Вилниус, Литванија за да работи со сирачиња. Неговите работни задачи вклучуваа работа со групи на деца од 9 до 15 години во домот за сираци во Вилниус. Волонтерот беше одговорен за организирање на активности во слободното време на децата; ги придружуваше на различни патувања и учествуваше со нив во различни приредби на локално и национално ниво. Преку постојаната комуникација со децата од Литванија и со вработените во домот за сираци, играењето национални игри, пеењето песни и раскажување приказни, волонтерот се запозна со Литванската култура и откри нови елементи во својата култура гледајќи ги од друга перспектива. Волонтерот имаше часови по јазик заедно со другите волонтери кај приватен учител. Имаше ментор кој се среќаваше со него редовно, му даваше поддршка за сите практични прашања и го организираше слободното време и културните активности на начин кој овозможи негово полесно интегрирање во локалната заедница.
„Секој кој е вклучен во ЕВС проект има можност да стане поцврст на личен план, како и да се стекне со самодоверба и независност. Како ЕВС волонтер јас исто така научив дека е многу важно да се има лична иницијатива, да се разберат вредностите на солидарноста, волонтеризмот и почитувањето на меѓукултурните разлики, а исто така активно да се придонесува со своето знаење и способности во правењето промени на локално, национално и меѓународно ниво.„

Дваесет и пет годишен волонтер од Португалија отиде во Јордан на својот ЕВС проект „Следи ја Жената„. Проектот беше дел од движењето за подигање на свеста за моменталната положба на жените и децата на Блискиот Исток, како и пружање поддршка. Една од причините поради кои тој се заинтересира за овој проект беше можноста да научи повеќе за политичката ситуација на Блискиот Исток, истовремено играјќи важна улога во амбициозен мировен проект. „Следи ја Жената„ беше можност да се запознае нова културна, религиозна и социјална средина.
„Мојот ангажман во проектот беше многу „одвнатре„ и јас тоа го доживеев многу интензивно. Се чувствував привилегиран затоа што имав можност да учествувам во проектот од самиот почеток па се до неговото завршување„.



# Активности за Обука и Вмрежување

**Да се развие соработка помеѓи партнерските организации во иднина. Соработка и партнерство, обука и размена на добри практики се клучни термини во развојот на младинските организации, граѓанското општество и оние кои се вклучени во младинската работа.**

Програмата Млади во Акција нуди најразлични можности за проекти кои промовираат размена на искуства, соработка и обука во Европската младинска работа. Овие проекти се исто така важни за развивањето на соработка помеѓу организациите учеснички, како и во подигнувањето на квалитетот на активностите поддржани од Програмата.

**Приоритетните теми** вклучуваат зајакнување на граѓанското општество, граѓанство и демократија; борба против расизмот и ксенофобијата; меѓу-етнички и меѓу-религиозен дијалог; справување со конфликти и пост-конфликтна обнова; активна улога на жената во општеството, права на малцинствата; регионална соработка и заштита на природното и културното наследство.

**Проектите вклучуваат активности како следење на работа, работни посети, средби за оценување, научни посети, активности за градење на партнерство, семинари, курсеви за обука и проекти на вмрежување.**



Тие се наменети за младите луѓе, но исто така и за оние кои работат со младите луѓе. Така, овде не постои возрасна граница за учесниците и нивниот број може да биде до 50, во зависност од природата на проектот.
Со апликацијата мора да се достави и добро структурирана програма на проектот која ги одразува неговите општи теми.

**Проектите за обука и вмрежување се многу важни за развојот на идната соработка. Тие им овозможуваат на организациите партнери да научат повеќе за себе и да откријат можности за развој на проекти.**



Различни критериуми се користат за различните типови на проекти, но во секој проект мора да биде вклучена барем една земја членка на ЕУ. Бројот на Програмските и Партнерските земји кои се вклучени мора да биде еднаков, а за повеќето проекти најмалку по две Програмски и Партнерски земји мора да бидат вклучени. Проектите за следење на работата и работните посети може да вклучат само по една Програмска и Партнерска земја.

Youth



# Примери за Проекти за Обука и Вмрежување



Албанска организација беше домаќин на научна посета посветена на социјалното вклучување на малцинствата во општеството, која се одржа во Тирана и на која учествуваа 14 млади луѓе. Партнерските организации имаа искуство во работа со малцинствата во Белгија, Полска, Босна и Херцеговина и Албанија. Тие посетија различни Албански младински организации, учествуваа во дикусии и развиваа идеи за идни проекти.
«Знаевме дека постојат многу предрасуди за нашата земја и тоа не направи да се чувствуваме многу поодговорни. Чудно, започнавме да го гледаме нашиот град на поинаков начин пред научната посета. Не бевме сигурни дали некои градежни работи ќе бидат завршени навреме. Беше навистина огромно искуство да се учествува во научната посета, па се надевам дека ќе ги има повеќе во иднина.» (Учесник од Албанија)

«Тирана е многу интересен град со своја сопствена препознатливост. Никогаш нема да ги заборавам топлите души на луѓето со кои се запознавме и нивниот пријатен и смирен начин на зборување. Силно се надевам дека ќе се вратам во овој град еден ден, а сигурна сум дека со некои од луѓето со кои се запознав ќе се сретнеме повторно, но не како учесници туку како пријатели». (Учесник од Белгија)

Невладини организации од три земји од ЕУ (Франција, Германија и Шпанија) и три земји од Источна Европа и Кавказ (Белорусија, Украина и Ерменија) организираа работна посета во Марсеј, Франција. Посетата требаше да воспостави контакти помеѓу 11 водачи и раководители на проекти од различни организации, кои ќе имаат можност да дискутираат како да подготват семинар и други проекти во рамки на Програмата Млади во Акција. За време на посетата, тие успеаја да развијат младински проекти, кои ќе користат образовни техники и методи кои промовираат меѓукултурно учење и граѓанско образование. Учесниците имаа можност да се сретнат со директорот на Францускатa Национална Агенција и да му поставaт прашања поврзани со Програмата Млади во Акција. После посетата, учесниците подготвија и поднесоа неколку заеднички проекти.
«Кога велите Европа, мислите на една огромна низа од нации, земји, култури. Овој континент е единствена локација и раскрсница за толку многу различни луѓе. Не треба да заборавиме дека постојат многу извонредни места и луѓе, кои отсекогаш живеат во Европа, но никогаш во Европската Унија. Можете да ја почувствувате Европската културна разновидност, посебно ако ОТИДЕТЕ НАДВОР од границите на Унијата.» (Младински работник од Русија)

Во еден свет каде заемодејството помеѓу луѓето е се поголемо, мирниот и демократски начин на управување со конфликти е од витално значење. Семинарот наречен „Управување со Конфликти и Мир„ се одржа во Анкара, Турција и вклучи 35 млади и младински работници (сите оние кои работат со младите во неформалното образование) од 11 различни Европски и Медитерански земји. Семинарот имаше цел да го зголеми познавањето на учесниците за техники на справување со конфликти и да ги научи како да комуницираат и преговараат меѓусебе. Организаторите на семинарот побараа од учесниците да развијат решение за вистински проблем од животот, кој им овозможи да го искусат процесот на справување со конфликти, вклучувајќи преговарање и ефективна комуникација. Исто така имаше игри на улоги кои ги поттикнаа учесниците да развијат чувства на омраза кон другите. Оценувањето на резултатите од проектот беше вклучено во семинарот и беше изведено на неколку нивоа.



“Бевме како дрвја, имавме цврсти корени во нашата цивилизација, култура и минато, со огромна можност да се отвориме кон другите, да споделиме, да се сретнеме, научиме и прифатиме”. Учесник во Меда



# SALTO Ресурсни Центри

**Осумте SALTO Ресурсни Центри сместени во Европски градови:**

- Ги поддржуваат организаторите на проекти и Националните Агенции
- Промовираат соработка
- Работат на подобрување на квалитетот на проектите
- Овозможуваат младинска работа и ресурси за обука
- Организираат обуки и активности за градење партнерства

**Секој Центар има своја област на делување:**

Културна разновидност | Вклучување | Информации | Учество | Обука и Соработка

**Три Регионални SALTO**

Источна Европа и Кавказ | ЕвроМед | Југоисточна Европа

Трите регионални SALTO центри промовираат соработка помеѓу Програмските земји и соседните Партнерски земји на ЕУ.

**Основни цели се:**

- Да придонесат кон мирот и стабилноста во границите на проширената ЕУ и надвор од нив со поттикнување на меѓукултурен дијалог, заемно разбирање и толеранција помеѓу младите луѓе;
- Да придонесат кон зајакнување на демократијата и граѓанското општество во регионите со потпомагање на интеграцијата и активното учество на младите луѓе, како и поттикнување на развојот на младинските структури.

Support
Advanced
Learning
& Training
Opportunities

**(Поддршка Напредно учење и Можности за обука)**

За подетални информации посетете ја *www.salto-youth.net*





# Југоисточна Европа

**„Знаевме дека постојат многу предрасуди за нашата земја и тоа не направи да се чувствуваме многу поодоговорни. Чудно, започнавме да го гледаме нашиот град на поинаков начин. Беше навистина огромно искуство и се надевам дека ќе ги има повеќе во иднина„**

САЛТО Ресурсниот Центар за Југоисточна Европа (SALTO SEE) промовира соработка помеѓу Програмските земји и Партнерските земји од Западен Балкан во рамки на Програмата Млади во Акција.

**Нашата цел е**

- Да обезбедиме информации за можностите за **соработка** помеѓу Програмските земји и Партнерските земји од Југоисточна Европа;
- Да понудиме помош во изнаоѓање на партнери за **проекти** од Млади во Акција кои би вклучиле Програмски земји и Партнерски земји од Југоисточна Европа;
- Координирање и организирање **едукативни активности;**
- Подготовка, собирање и дистрибуирање на релевантни **информации** и материјали за соработка во оваа област;
- Промовирање на прегледноста на резултатите од тековната соработка помеѓу актерите од Југоисточна Европа и Програмските земји;
- Обезбедување поддршка и стручност за сите прашања поврзани со поголема вклученост и **промоција** на соработката на Млади во Акција со Југоисточна Европа.

**Блиска соработка со Националните Агенции**

SALTO Ресурсниот Центар за Југоисточна Европа соработува со Националните Агенции при организирањето на **семинари и обуки.** Семинарите кои Центарот ги организира ги собираат заедно луѓето кои работат во областа на младите во Југоисточна Европа и други земји од Европа. Тие помагаат да се развие партнерство за идна соработка, посебно развој на заеднички проекти во рамки на Млади во Акција, како што се младински размени, Европски Волонтерски Сервис и проекти за обука и вмрежување. Тие исто така имаат за цел да им понудат на учесниците информации и способности за имплементирање на вакви проекти. Од 2006 Центарот врши акредитација на ЕВС организации од Југоисточна Европа, а од 2007 наваму Центарот е одговорен за координирање на ЕВС обуките во Југоисточна Европа.

**Контакт Точки**

Еден од начините на кои SALTO SEE ги исполнува своите цели е преку соработка со Контакт Точки, кои се назначени во секоја од земјите на Југоисточна Европа (барем една организација по земја). Главна цел на Контакт Точките е да придонесат кон препознавањето и достапноста на Програмата „Млади во Акција„ од страна на заинтересираните организации, институции и неформални младински групи во нивните земји.

**Примери за работата на Контакт Точките се:**

- Промоција на Програмата „Млади во Акција„ и зголемување на препознатливоста (зависно од ресурсите и капацитетите, тие тоа го прават преку Интернет, дистрибуција на билтени, публикации и друг промотивен материјал, настапи во медиумите или друг вид на промотивни активности)
- Пренесување на информации и совети во врска со развивање и пишување на предлог проекти, пронаоѓање на партнер организации и процедури на аплицирање, во регионот за кој Контакт Точките се назначени.

Контакт Точките не се организации до кои треба да го поднесете вашиот предлог проект. Да се биде Контакт Точка не мора да значи и да се учествува во некоја посебна активност во рамките на Програмата „Млади во Акција„. Како и секоја друга организација од Југоисточна Европа, Контакт Точките можат да испраќаат свои предлог проекти директно до Европската Комисија – според критериумите кои важат за земјите Партнери. Исто така, тие можат да учествуваат во проекти на други организации како партнери. Некои од работите кои Контакт Точките можат и треба да ги прават се обезбедување на информации, организирање на обуки и информативни сесии, како и поддршка на заинтересираните организации во градењето на партнерства и организирањето на меѓународни проекти во рамките на Програмата „Млади во Акција„.

Информации за Контакт Точките може да се најдат на *http://www.salto-youth.net/contactpoints*

**База со податоци за Организациите партнери**

Центарот одржува база на податоци за потенцијалните партнер организации од Југоисточна Европа, како и форум за барање на партнери, обете публикувани на веб страната на центарот.

**Наши публикации**

Месечен **Е-Весник** со информации околу активностите на Центарот и најнови достигнувања во областа

**Списание** за младинската работа во Југоисточна Европа - SEE YOUth! со статии за изминати или тековни проекти, дополнителни информации и согледувања.

**Профили на земјите**

**Прирачници и упатства за користење**

**Извештаи за активностите организирани од центарот**

(Сите публикации се достапни на нашата веб страна. Печатени копии можат да се порачаат од центарот)

„Секој кој е вклучен во ЕВС проект има можност да стане поцврст на личен план, како и да се стекне со самодоверба и независност. Како ЕВС волонтер јас исто така научив дека е многу важно да се има лична иницијатива, да се разберат вредностите на солидарноста, волонтеризмот и почитувањето на меѓукултурните разлики, а исто така активно да се придонесува со своето знаење и способности во правењето промени на локално, национално и меѓународно ниво.„ (Словенечки волонтер во Србија)


*SALTO South-East Europe Resource Centre*
*MOVIT NA MLADINA*
*Dunajska 22, SI-1000 Ljubljana, Slovenija*
*Telefon: +386 1 430 47 47*
*Fax: +386 1 430 47 49*
*E-mail: see@salto-youth.net*
*http://www.salto-youth.net/see/*













# Источна Европа и Кавказ

**«Источна Европа и Кавказ е посебно важен регион, не само поради огромниот број на жители, туку најмногу поради фактот дека не постои Европа без нејзиниот Источен дел. Како што велиме овде, Европа има лев и десен дроб и и требаат ОБАТА за да диши мирно.»**





SALTO Центарот за Источна Европа и Кавказ (SALTO EECA) поддржува соработка со соседните земји Партнери од регионот на Источна Европа и Кавказ, во рамките на Програмата Млади во Акција.

- Да се подигне **препознатливоста и свеста** за можностите што ги нуди Програмата Млади во Акција во Источна Европа и Кавказ;
- Да се промовира можноста за **соработка** со земјите од Источна Европа и Кавказ помеѓу младинските организации во Програмските земји;
- Да се поддржат Националните Агенции со развивање на контакти, креирање на **партнерства** и зголемување на **стручноста** во соработката со регионот на Источна Европа и Кавказ.

Повелете посетете ја нашата веб страна *www.salto-youth.net/eeca* или користете ја нашата услуга за поддршка на *www.salto-eeca.eu*

Со цел да изградиме ефикасна платформа за соработка помеѓу Програмските земји и соседните земји Партнери од Источна Европа и Кавказ, како и да се зајакнат постоечките партнерства, центарот може да понуди различни активности, форми на поддршка и алатки.

### Барате партнери?

- Контакт листата содржи адреси и полиња на интерес на НВОи од ЕУ и Источна Европа и Кавказ. *www.salto-eeca.eu/contactlist*
- Форумот е место за предлог проекти, размена на искуства, извештаи и слики од разни активности *www.salto-eeca.eu/forum*
- Активности за градење партнерства се организираат во редовни интервали.




### Сакате да научите повеќе за Источна Европа и Кавказ?

- Прирачникот за Источна Европа и Кавказ има профили на 7 земји.
- *www.salto-youth.net/eeca-manual*
- Преку кратките студиски посети можете да научите основни факти за регионот.

### Сакате да знаете како да организирате успешен проект?

- Публикациите на SALTO EECA вклучуваат весници, флаери, списанија во боја „Младите во 7„ и алатки за обука. *www.salto-youth.net/eecapublications*
- Постои Мрежа на мултипликатори која вклучува младински работници (сите оние кои работат со младите во неформалното бразование) од земјите од Источна Европа и Кавказ, кои промовираат и поддржуваат активности од Програмата Млади во Акција *www.salto-youth.net/eecamultipliers*
- Информативни семинари и курсеви за обука кои ги обезбедуваат сите информации кои ви се потребни за да водите ваш сопствен проект.

*„Навистина многу ми се допаѓа животот овде. Најпрво доаѓате со чувство дека се ќе биде многу поразлично од дома, но ништо не е толку многу различно за да не можете да се справите со тоа, а повеќето од работите воопшто не ни се разликуваат. За кратко време откако сум тука, запознав многу прекрасни, заинтересирани и интересни луѓе и видов толку многу работи и научив толку многу за се овде, иако претходно не очекував дека ќе биде така.„ (Австриски волонтер во Украина)*

*“ Мислам дека мојот проект е многу корисен. Преку него, тие учат Англиски; можат да го поминат слободното време ефективно, играјќи различни игри, цртајќи и така натаму. Секогаш го искажуваат своето задоволство и навистина ме поттикнуваат да работам со нив и да им помагам.„ (Фински волонтер во Азербејџан)*









# Евро - Мед

SALTO EuroMed Ресурсниот Центар поддржува соработка помеѓу Европските и Медитеранските земји на четири начини:



### 1. Тренинг можности и настани

SALTO EuroMed Ресурсниот центар работи со Националните Агенции во понудувањето на нови тематски курсеви за обука во врска со ЕвроМед младинските приоритети. Тие вклучуваат борба против расизмот, позицијата на жените во општеството и правата на малцинствата, со што им овозможуваат на учесниците да ги вклопат овие приоритети во своите проекти.
„Семинарите за воспоставување на контакти„ изградуваат вистински партнерства помеѓу МЕДА земјите и Програмските земји, а „кратките студиски посети„ ја претставуваат младинската работа во регионот.

### 2. Распространување на добрите практики

SALTO EuroMed Ресурсниот центар собира и распространува образовни добри практики за обука и младинска работа со цел креирање на заедничка меморија.



Тој: Координира „Кутија со алатки„ на Интернет, која им нуди на корисниците пристап до различни алатки за обука и документи *www. salto-youth.net/toolbox ;*

- Собира извештаи од одржани курсеви за обука тн. „ Донесувајќи ги двете страни заедно„
- Двапати годишно го печати магазинот „Да се сретнеме во ЕвроМед„
- Организира „Саем на алатки„ секоја година за да им овозможи на младинските актери да ги споделат добрите практики и да го прошират своето знаење за ново развиените едукативни алатки.



### 3. Поддршка на Мрежите

SALTO EuroMed Ресурсниот Центар ги поддржува мрежата на Националните Агенции, Младинските Канцеларии на Евро–Мед и мултипликаторите во Програмата Млади во Акција преку:

- Распространување на информации за релевантни прашања преку својот веб-сајт;
- Распространување на добри едукативни практики од младинската работа преку весници за „ЕвроМед Соработка„. Весниците и списанијата се дистрибуираат до сите партнери, институции и невладини. Уште повеќе, SALTO EuroMed Ресурсниот Центар одговара на одредени барања од Младинските Канцеларии на Евро – Мед и Националните Агенции и им нуди можности за следење на работата.



### 4. Партнерства

SALTO EuroMed Ресурсниот Центарот работи во тесно партнерство со неколку Европски и Медитерански институции. Ова ги вклучува:

- Европските Младински Центри на Советот на Европа, кои имаат работни групи за стандарди на квалитет, вреднување и овластување на знаењето стекнато преку обука *www. coe.int/T/E/Cultural_ Co-operation/Youth*
- «Обуката за водачи на Европски младински активности» на Европската Комисија и Советот на Европа, која вклучува две публикации за младите и обука: «T-Kits » и «Coyote» *www.training-youth*.net
- «Евро – Мед Соработка во обука» на Европската Комисија и Советот на Европа
- Евро – Медитеранска младинска платформа *www. euromedp.org*
- Европски Младински Форум *www.youthforum.org*
- Ана Линд Медитеранска Фондација за Дијалог помеѓу Културите *www. euromedalex.org*
- ЕвроМед Младински Канцеларии *www.euromedyouth.net*

**Од аспект на учесниците: Евромед во еден збор или идеја?**
„ Иднината„ „Меѓукултурно учење„ „ Птица – да лета од една цивилизација. Таа ги преминува географските и културните граници.„ „Откривање на луѓе, култури. Свет надвор од светот во кој живееме„ „ Соработка, развој и мир„



За повеќе информации околу Програмата Млади во Акција, Ве молиме разгледајте го Програмскиот Водич, кој може да се симне од веб страната на Европската Комисија: http://ec.europa.eu/youth. Извршната Агенција за Образование, Аудиовизија и Култура, SALTO Ресурсните Центри и Националните Агенции исто така можат да ви понудат дополнителни информации. Нивните податоци за контакт се исто така достапни на веб страната за млади.

**EUROPEAN COMMISSION**

*Directorate-General for Education and Culture – DG EAC*
Unit D2: Youth Programmes
Unit D1: Youth policies
B-1049 Brussels
Tel: +32 2 299 11 11
Fax: +32 2 295 76 33
**E-mail: eac-youthinaction@ec.europa.eu**
**Website: http://ec.europa.eu/youth**

*Education, Audiovisual, and Culture Executive Agency – EACEA*
Youth Department
Rue Colonel Bourg 139
B-1140 Brussels
Tel: +32 2 29 97824
Fax: +32 2 29 21330

**E-mail: youth@ec.europa.eu**
**Webmail: http://eacea.cec.eu.int**

**SALTO SOUTH EAST EUROPE RESOURCE CENTRE - SLOVENIA**
MOVIT NA MLADINA
Dunajska, 22
SI - 1000 Ljubljana
Tél.: +386-1-430.47.47
Fax: +386-1-430.47.49
E-mail: see@salto-youth.net
Website: http://www.salto-youth.net/see/

**SALTO EASTERN EUROPE & CAUCASUS RESOURCE CENTRE - POLAND**
Polish National Agency of the Youth in Action Programme
Foundation for the development of the Education system
ul. Mokotowska 43.
PL - 00-551 Warszawa
Tél.: +48-22-622.37.06 / +48-22-628.60.14
Fax: +48-22-622.37.08/ +48-22-621.62.67
E-mail: eeca@salto-youth.net
Website: http://www.salto-youth.net/eeca/

**SALTO EUROMED RESOURCE CENTRE - FRANCE**
INJEP – Programme Jeunesse en Action
11 rue Paul Leplat
F - 78160 Marly-le-Roi
Tél.: +33 (0)1 39 17 2594/ 2555/ 2755
Fax: +33 (0)1 39 17 2757
E-mail: euromed@salto-youth.net
Website : http://www.salto-youth.net/euromed/

REPUBLIKA SLOVENIJA
MINISTRSTVO ZA ŠOLSTVO IN ŠPORT
URAD ZA MLADINO

This brochure is an adaptation of the brochure »Paths to International Cooperation in the youth field«, which was published by the SALTO-YOUTH Resource Centres for South East Europe, Eastern Europe & Caucasus and EuroMed in 2007. It is produced and published by:

SALTO-YOUTH SEE Resource Centre
MOVIT NA MLADINA

*Editor:* Sonja Mitter

*Director of publication:* Janez Škulj

*Translation into Macedonian:* Council for the Prevention of Juvenile Delinquency (SPPMD), Kavadarci, with the support of Youth Association CreACTive, Skopje

The SALTO SEE Resource Centre cannot be held responsible for the accuracy of the translation.

*Design and Layout:* Madline Communication and Blaž Verbič

*Printed by:* Društvo za grafički uslugi i promet dooel izvoz uvoz Sofija - Bogdanci

© Crédits photos : Jean-Louis Bouzou, Tatiana Divina - Fotolia.com